РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АПЕЛАЦИОНЕН СУД
Су.бр. 1244/19-1
27.12.2019 год.
ШТИП

Врз основа на чл.88 од Законот за судовите и чл.112 од Судскиот деловник, Претседателот на Апелациониот суд во Штип, Наке Георгиев, по претходно прибавено мислење од седницата на судии (предлози од судии и Претседател) одржана на ден 24.12.2019 година, на ден 27.12.2019 година, го утврди следниот:

**ГОДИШЕН РАСПОРЕД ЗА РАБОТАТА на СУДИИТЕ**
**ВО 2020 ГОДИНА**

Во Апелациониот суд во Штип функционира кривичен оддел и граѓански оддел.

I. КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

Во кривичниот оддел се решаваат второстепните кривични предмети „КЖ“, второстепените кривични предмети за деца „КЖМ“, второстепени предмети од кривичен совет „КСЖ“, разни кривични предмети „КР“ и второстепени прекршочни предмети „ПРКЖ“.

Во Кривичниот оддел се распоредуваат 6 судии:

1. Корнелија Давчева
2. Данка Ристова
3. Славчо Тасев
4. Весна Димитриевска Накова
5. Тони Делев
6. Мирјанка Гоцевска Стефановска

Согласно чл.91 од Законот за судовите за Претседател на кривичен оддел се определува судијата Корнелија Давчева, а за заменик Претседател на кривичен оддел се определува судијата Данка Ристова.

Новите предмети КЖ, КСЖ, КР и ПРКЖ ќе се распоредуваат рамномерно на судиите Корнелија Давчева, Данка Ристова, Славчо Тасев, Весна Димитриевска Накова, Тони Делев и Мирјанка Гоцевска Стефановска според автоматска распределба.

Судијата Корнелија Давчева ќе биде претседател на советот и судија известител во кривичните и прекршочните предмети за деца, а членови на овој совет ќе бидат Данка Ристова и Тони Делев.

Во кривичниот оддел, покрај советот за деца, се формираат два совета во состав:

1. - Корнелија Давчева – претседател
   - м-р Мирјанка Гоцевска Стефановска – член
   - Тони Делев -член

2. - Данка Ристова – претседател
- Славчо Тасев - член
- Весна Димитриевска Накова-член

Сите предмети кои се укинати од овој суд и повторно вратени назад во Апелациониот суд Штип, како и предметите кои се укинати и вратени овде на повторно одлучување од страна на Врховниот суд, ќе се распореди согласно чл.175 ст.3 од Судскиот деловник и ќе се работат во советот каде работи судијата известител согласно овој распоред.

Составот на советот од 5-пет судии ќе биде по следниот распоред:

Во советот кај Претседател на совет Корнелија Давчева:

Јануари- Данка Ристова и Славчо Тасев
Февруари –Данка Ристова и Весна Димитриевска Накова
Март- Славчо Тасев и Весна Димитриевска Накова
Април – Данка Ристова и Славчо Тасев
Мај – Данка Ристова и Весна Димитриевска Накова
Јуни- Славчо Тасев и Весна Димитриевска Накова
Јули- Данка Ристова и Славчо Тасев
Август – во зависност од потребите и год. одмори ќе се донесе посебна одлука
Септември- Данка Ристова и Весна Димитриевска Накова
Октомври - Славчо Тасев и Весна Димитриевска Накова
Ноември- Данка Ристова и Славчо Тасев
Декември – Данка Ристова и Весна Димитриевска Накова

Во советот кај претседател на совет Данка Ристова:

Јануари-Корнелија Давчева и м-р Мирјанка Гоцевска Стефановска
Февруари- Корнелија Давчева и Тони Делев
Март- м-р Мирјанка Гоцевска Стефановска и Тони Делев
Април – Корнелија Давчева и м-р Мирјанка Гоцевска Стефановска
Мај – Корнелија Давчева и Тони Делев
Јуни- м-р Мирјанка Гоцевска Стефановска и Тони Делев
Јули- Корнелија Давчева и м-р Мирјанка Гоцевска Стефановска.
Август – во зависност од потребите и год. одмори ќе се донесе посебна одлука
Септември- Корнелија Давчева и Тони Делев.
Октомври – м-р Мирјанка Гоцевска Стефановска и Тони Делев.
Ноември-Корнелија Давчева и м-р Мирјанка Гоцевска Стефановска.
Декември – Корнелија Давчева и Тони Делев.

Составот на советот што ќе одлучува за повторување на постапката ќе се утврдува со решение на претседателот на судот, на барање на претседателот на советот или на судијата известител (ако претседателот на советот не може да учествува во работата на советот), кое барање треба да се поднесе **најмалку три (3) работни дена** пред закажаната седница.

Судиите од кривичен оддел поради потреба од изземање, отсуство и годишен одмор можат да бидат распоредувани како членови

на совет во граѓански оддел, и претседател на совет во кривичниот и граѓанскиот оддел.

Судиите поротници кои треба да учествуваат во работата на кривичните совети ќе бидат повикувани од страна на судскиот администратор, на писмено барање на судијата известител, а за тоа ќе се води и посебна евиденција согласно судскиот деловник.

## II . ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

Во граѓанскиот оддел се решаваат второстепените граѓански предмети„ГЖ“, второстепените предмети по спорови од работни односи „РОЖ“, второстепени предмети по трговски спорови „ТСЖ“ и разни граѓански предмети „Р“.

Предвидените работи и работни задачи ќе се извршуваат по следниот распоред:

Во Граѓанскиот оддел се распоредуваат 6 судии:

1. Наке Георгиев
2. Зоранчо Мицевски
3. Сузана Здравева
4. Кирче Донев
5. Светлана Јованова
6. Софија Манева

Согласно чл.91 од Законот за судовите за Претседател на граѓанскиот оддел се определува судијата Зоранчо Мицевски, за заменик Претседател на граѓански оддел судијата Сузана Здравева.

Судиите во Граѓанскиот оддел ќе ги решаваат второстепените граѓански предмети ГЖ, второстепените предмети по спорови од работни односи РОЖ, второстепените предмети по Трговски спорови ТСЖ како и разните други граѓански предмети „Р“.

Се формираат 2 совета за сите видови предмети:

1.- Наке Георгиев- претседател,
- Софија Манева – член
- Сузана Здравева - член

2. -Зоранчо Мицевски – претседател
- Кирче Донев - член
- Светлана Јованова– член

Сите предмети, по кои веќе е донесена укинувачка одлука, а кои се враќаат од основните судови, како и предметите кои се укинати од Врховниот суд на РСМ се распоредуваат кај претходните судии известители без да се врши нивна автоматска распределба.

Судиите од граѓански оддел поради потреба од изземање, отсуство, годишен одмор и потреба од комплетирање на совет можат да

бидат распоредувани како членови на совет во кривичниот оддел и претседател на совет во граѓанскиот и кривичниот оддел.

По предметите каде што како претседател на совет е Зоранчо Мицевски и во кој се јавуваат адвокатите Кристијан Мицевски и Драги Иванов, претседател на совет ќе биде судијата Наке Георгиев без поднесување на посебно барање и донесување на одлука, врз основа на овој распоред.

По предметите каде што како претседател на совет е Наке Георгиев и во кој се јавува адвокат Дарко Гоцевски, претседател на совет ќе биде судија Зоранчо Мицевски без поднесување на посебно барање и донесување на одлука, врз основа на овој распоред.

По предметите каде што Претседатели на совет не можат да бидат судиите Наке Георгиев и Зоранчо Мицевски, Претседател на совет ќе биде судијата Сузана Здравева, без поднесување на посебно барање и донесување на одлука, врз основа на овој распоред.

Доколку се работи за предмети каде што за судија известител се определени Наке Георгиев и Зоранчо Мицевски во овие случаи (каде што се јавуваат горе наведените адвокати) ќе се донесува посебна одлука по поднесено барање за изземање.

Судиите поротници кои треба да учествуваат во работата на граѓанските совети ќе бидат повикувани од страна на судскиот администратор, или лице што го заменува, на писмено барање на судијата известител, а за тоа ќе се води и посебна евиденција согласно судскиот деловник.

III.

1. Во сите останати случаи каде што има потреба и причини за изземање, а кои претходно не се споменати ќе се постапува согласно ЗКП и ЗПП.

2. Замена на отсутен судија поради користење на годишен одмор надвор од судската ферија и боледување до 3 работни дена по правило нема да се врши.

3. По исклучок замена на судијата ќе се врши во следните случаи:

<u>Во граѓанскиот оддел</u> замена на судијата ќе се врши кога тој е на користење на годишен одмор надвор од судската ферија и на боледување, само во оние предмети во кои во периодот на отсуство на судијата истекува законскиот рок во кој предметот по кој треба да постапува судијата треба да биде завршен.

<u>Во кривичниот оддел</u> замена на судијата ќе се врши само ако во периодот на отсутност на судијата мора да се одлучи за мерката притвор или условен отпуст, или ако истекува законскиот рок во кој предметот треба да биде решен. Замена на отсутен судија ќе се врши и ако судијата остане на непредвидено боледување, непредвидена оправдана отсутност, а по предметот по кој тој треба да одлучува е закажана јавна седница, а исполнети се сите законски услови за одржување на седницата, односно присутни се сите повикани странки.

Доколку судијата е отсутен поради боледување подолго од 5 работни дена истиот се исклучува од прием на нови предмети како судија известител, а по неговото враќање на работа повторно се вклучува во автоматската распределба. ( чл.174 ст.6 СД)

Доколку судијата е отсутен помалку од 5 работни дена и со автоматската распределба му е распределен како судија известител

итен предмет, Претседателот на судот со решение ќе го изземе судијата и предметот автоматски ќе се распредели на друг судија ( чл.175 ст.7 СД).

4.Барањето за замена на судијата и определување на нов судија како член на совет или претседател на совет се поднесува од судијата известител до Претседателот на судот со образложение за состојбата од ст.3 од овој дел.

IV. Распоредот за работа на советите во текот на работната недела како и времето за одржување на јавни и нејавни седници ќе биде утврдено од страна на Претседателите на совети на заеднички состанок со Претседателот на судот, согласно чл.91 од Законот за судовите и чл.66-68 од Судскиот деловник и согласно одредбите од ЗКП и ЗПП.

V. Претседател на одделот за судска пракса е Претседателот на судот и претседател на совет Наке Георгиев, а членови се Претседателот на кривичен оддел судија Корнелија Давчева и Претседателот на советот судија Данка Ристова за кривичниот оддел и Претседателот на граѓански оддел судија Зоранчо Мицевски, судиите Сузана Здравева и Светлана Јованова за граѓанскиот оддел, а на нив ќе им помага стручен судски службеник, за кривичен оддел Гордана Јанева и за граѓански оддел Ефимија Кралева, како и судски референти, согласно распоредот за судските службеници**.**

VI. Во согласност со чл.89 од Законот за судовите Претседателот на судот Наке Георгиев за свој заменик ја определува судијата Корнелија Давчева.

Со посебна одлука ќе се определи распоредот за работа на судската полиција.

Согласно чл.11 и 22 од Законот за судската служба распоредот за работа на судската администрација го изготвува Судскиот администратор.

Овој распоред ќе се применува од 01.01.2020 година, а ќе се достави согласно чл.113 од Судскиот деловник.

Претседател на судот,
Наке Георгиев